# Пиварски Весник



# Златен Даб Classic
## македонско пиво со 100 % јачменов слад

Заедно со вас прославуваме 95 години традиција, квалитет и посветеност! За нашиот јубилеј подготвивме изненадување за сите љубители на премиум пиво - ви го претставуваме најновото Златен Даб Classic, македонско пиво со 100 % јачменов слад!

Златен Даб Classic се карактеризира со богат и избалансиран вкус, умерена горчина и уникатен премиум вкус, создадено по оригинален рецепт со најсовремена технологија за да го задоволи вкусот и на најсофистицираните љубители на пивото.

Златен Даб Classic е премиум пиво со 100 % автентичен вкус за ново, поинакво искуство и нови моменти на уживање!

Пробајте ја „новата класика" и уживајте во Златен Даб Classic!

ZLATEN DAB
CLASSIC
100% јачменов слад




Маркетинг секторот има важна улога во секоја современа компанија.
Задачата на маркетинг е врз основа на детални истражувања и анализи да ја дефинира стратегијата на компанијата за наредниот период. Конкретно, маркетингот има задача точно да ги утврди барањата и потребите на потрошувачите за одредени производи и услуги. Во нашата компанија маркетингот е поставен така што имаме бренд менаџери кои се дел од Прилепска пиварница и надворешни маркетинг агенции кои се ангажирани од наша страна врз основа на годишни договори за соработка со истите.

Грижата за одреден бренд започнува многу порано пред производот да се најде на пазарот, односно грижата за брендот или производот започнува уште при подготовките за производство, потоа продолжува во текот на производствениот процес, па во процесот на складирање на готовиот производ, дистрибуција до продажната мрежа и позиционирање на производот на местото на продажба. Токму како бренд менаџер за категорија пиво, сите мои работни задачи се поврзани со грижа за домашните пива Златен Даб и Крали Марко, и увозните пива Туборг, Карлсберг и Холштен.

Да напоменам дека при договарањето на стратегиите и сите активности за домашните и увозните пива покрај надворешните агенции целосно е вклучен и сектор продажба со своите ресурси бидејќи ние иако сме два засебни сектори истовремено сме и тесно поврзани во секојдневното работење. Досега во пракса се покажало дека основен предуслов за успешна реализазација на договорените стратегии е да има високо ниво на соработка меѓу секторите Маркетинг и Продажба за што може да се потврди дека е баш така во нашата компанија.

**Александар Чатлески**
**Бренд менаџер за пиво**



Да се биде бренд менаџер на глобален бренд ПепсиКо, земајќи ја во предвид силата на нашиот најпродаван конкурент, е секојдневен предизвик. Целиот процес на комуницирање со принципалот од Пепси, работење под строги правила и временски лимити но и учење од нивни best practices се од огромно значење за развивање на брендовите кои ги работам, но и за нашето професионално искуство и знаење.
Не помала инспирација е да се работи на нашиот домашен бренд Прилепска Газоза. Заради својата автентичност, голема традиција и ставот „оригиналната Газоза", креативноста е широко поле.

Но успехот не би бил ист без взаемна соработка најпрво во маркетинг секторот, а потоа и со сите останати сектори.
Задоволство е да се работи на овие брендови и на сите изминати и идни проекти кои ни следат.

**Верица Јованоска**
**Бренд менаџер за сокови**




Потребата за личен и професионален развој како и секојдневната можност за надградување на знаењето во областа на маркетингот беа главни мотиватори да направам промена и од светот на маркетинг агенциите да преминам во светот на Прилепска пиварница.

Можноста да бидам дел од луѓето директно одговорни за развојот на брендовите на принципалот од Србија за мене претставува пред сè огромно задоволство но и голема одговорност.

Да се биде бренд менаџер на увозни брендови кои сеуште имаат што да покажат на овој пазар е прилично интересна но и специфична и комплексна работа. Практично покрај познавањата од маркетингот, кој што е толку динамичен, сеопширен и комплексен, потребни се и одредени познавања од областа на продажбата и логистиката.

Сигурно сте примετиле дека Књаз Милош, Aqua Viva, Guarana и Tube сè почесто почнуваме да ги забележуваме во своето опкружување. Причината за нивната сè поголема присутност се должи на одлично сработената работа на сите колеги во Прилепска пиварница. Да се биде бренд менаџер на брендовите е само еден мал дел или алка од синџирот. Успехот на брендот го прават сите колеги заедно и секој директно или индиректно влијае на истиот. Јас имам среќа што ја имам таа можност да бидам дел од една до сега успешна приказна која продолжува да се развива во една позитивна насока. Посебна привилегија за мене претставува соработката со принципалот и начинот на комуникација кој што го имаме создадено со текот на развојот на брендовите во МК. Нивниот „know how" како и професионален и детален пристап во голема мера ја олеснува нашата работа и ни помага во водењето на брендовите.

Битката околу позиционирањето на брендовите и освојување на market share е една „never ending story" или „приказна без крај", но успехот е неминовен доколку правилно се одработат сите чекори. Сметам дека 2020та година ќе биде година во која доколку успееме да одговориме на предизвиците кои што следат, ќе поставиме темели и успех за кој што во наредните години ќе го гледаме како пример и стандард за успешно завршена работа.

**Оливер Ѓориќ**
**Бренд менаџер за Књаз Милош**



# ПЕПСИ
## е секогаш одлична идеја

Сигурно се прашувате што би имале уште да додадеме покрај одличниот вкус кој не навлекува секогаш да сакаме чаша плус од полното освежително чувство на Пепси.

Кога зборуваме за Пепси ни се будат убави чувства врзани за нашите прекрасни одмори на плажа, на нашите прослави, на омилениот ресторан во кој неизбежно заседнуваме, на фудбалските натпревари проследени од трибините или пак покрај малите екрани. Сигурно веќе ви навлековме низа на спомени кои минаа низ вашата глава бидејќи Пепси го исполнува секој наш момент, токму поради тоа што исклучително го сакаме. Но еве уште неколку придобивки или корисни намени на нашиот Пепси.

Доколку сте од оние лица кои го имаат така наречениот 'кралски притисок' и често пати истиот доста паѓа ниско, тогаш посегнете по чаша полна со Пепси. Овој пијалак брзо го подигнува нивото на крвниот притисок и набргу би ви било подобро.




Доколку се навратиме на настанувањето на Пепси како пијалак, ќе дојдеме до тоа дека токму овој пијалак своето име го добива по ензимот пепсин, кој се верува дека го потпомага варењето на храна во желудникот. Затоа што всушност е најважниот ензим кој се содржи во желудочниот сок, каде неговата основа е да врши разградување на сите видови протеини. Тој ги разбива протеините на нискомолекуларни соединенија - аминокиселини и на тој начин тие може да влезат во крвотокот.




Најубавите моменти се оние кои ги поминуваме со нашите најмили, моменти кога можеме да ги споделиме нашите импресии со вкусна храна и омилениот Пепси. Одлична прилика да се пофалиме со нашите кулинарски способности. Токму тогаш имаме прилика за да ги изненадиме со прекрасна храна и да добиеме високи оцени за приготвеното. Но сите оние на кои кујната им е омилен дел каде можат да додадат дел од својата магија и со прекрасните мириси кои се шират да ги пробудат љубопитноста и апетитите на сите, знаат дека и не секогаш приготвувањето на храната оди така глатко. Во моментот кога вашите кулинарски способности се загрозени поради фактот што сте купиле месо кое не е така свежо и е жилаво, Пепси е одлична идеја. Сѐ што треба да направите, е да го оставите месото во маринада од Пепси да отстои неколку часа. Крајниот резултат е специјалитет за пофалба.




Сепак радоста на сите нас е најголема кога во нашата чаша се наоѓаат Пепси меурчињата кои со секоја голтка ни будат насмевка, на здравје!

# Нов вкус, нова класика Златен Даб Classic

## Оригинално македонско пиво со 100% јачменов слад

Златен Даб Classic е ново пиво на македонскиот пазар со кое Прилепска пиварница прославува 95 години од своето постоење. Воедно, Златен Даб Classic е изненадување за љубителите на оригинален вкус токму поради фактот дека е премиум пиво со 100% јачменов слад, со сосема нова амбалажа и дизајн.

„Со лансирањето на Златен Даб Classic прославуваме 95 години традиција, врвен квалитет и континуирано инвестирање во технологија и производи кои ќе ги задоволат




потребите на нашите фанови. Ние сме особено горди на овој важен исчекор во историјата на постоењето на Прилепска пиварница и продолжуваме да го прошируваме нашето портфолио и во иднина со нови производи за нашите верни консументи." – изјави г. Сашко Самарџиоски, Генерален менаџер на Прилепска пиварница.

Од денес, Златен Даб Classic е достапен во сите маркети и угостителски објекти во земјата, а љубителите ќе можат веднаш да се запознаат со изгледот и вкусот на новото македонско пиво со 100% јачменов слад.

www.tocka.com.mk






# Петок после работа со Златен даб

Петоците после работа во текот на летниот период изгледаа многу поинаку. Имаа супер вкус и одличен звук. „Петок после работа" како серија од настани што во својот концепт вклучуваа готвење, музика и пиво по специјална цена, официјално започнаа кон крај на јуни и се одржуваа во Јавна Соба (Public Room). Идејата беше многу едноставно замислена во опуштената атмосфера на едно од омилените градски места. Целта на овие настани беше да внесат свежина и релаксираност после напорната работна недела. На првиот петок за забава после работа, за музиката беше задолжен одличниот Dj Nino Flooder, а белгискиот готвач Марк Де Јонг правеше бургери на скара. Во текот на наредните петоци имавме можност да го слушнеме дј сетот на Андреј Мицајков и доста други на следните забави.














Интересот за PopUp Kitchen настанот под наслов „Петок после работа" беше голем. Одзивот за гастрономското задоволство измешано со звуците од диџејскиот пулт беше оправдано висок, ако се има предвид вкусот на бургерите и квалитетот на музиката.

Токму поради летниот период на активации на PopUp Kitchen, потврдивме дека оваа комбинација е неминовно посакувана, повторно се впуштивме во 'петок после работа' од 20.09.2019 година, каде што секој следен петок совршено се разбираме на задничките дружења во Кино Карпош со бургери и Златен даб.

www.popup.mk
















# Како беше на МКЦ Шизи 2

По завршувањето на МКЦ шизи 2 кој се одржа на 22 октомври, импресиите уште долго се сумираа. Скопје уште еднаш беше на европската мапа, како дел од турнеја на хипхоп легенда - овој пат XZIBIT. Со задоволство може да се прогласи „МКЦ ШИЗИ 2" за успешен проект, и како што беше најавен и претходно - хипхоп настан за паметење!

Главната идеја зад проектот „МКЦ ШИЗИ" беше да се намали генерацискиот јаз помеѓу различните генерации хипхоп фанови и може да се каже дека полека но сигурно успеваат во тоа. На подиумот во МКЦ имаше од тинејџери до возрасни луѓе, некои од нив дојдени и со нивните мали деца.

Додека гостите од САД се аклиматизираа, pre-party-то започна. Phat Phillie, го славеше својот 44-ти роденден во Скопје, а на забавата присуствуваа неговите најблиски, целата екипа на Frenkie од Босна, како и нашата Sure Shotz екипа. Роденденот се прослави на прав балкански начин – целодневна во кафеана со скара и многу Златен Даб.

Самиот настан го отвори Shorty P кој го почна настанот со звук од 90-тите, а на него се надоврза Phat Phillie со побавни west coast класици – совршени за отворање ваков настан. Настапуваше и еден од најдобрите балкански рапери, Frenkie, кој се претстави со најдоброто од својот репертоар. Атмосферата беше одлична и публиката загреана за тоа што следува – WEST COAST TAKEOVER.

DJ Hoppa го отвори тој дел од вечерта. Следеше  Problem, еден од најактуелните new school артисти на западниот брег. По него настапи легендарниот Ras Kass и атмосферата веќе беше на највисоко ниво. James Savage и Demrick го одржаа истото ниво, а впечаток беше дека и покрај тоа што публиката не ги знаеше текстовите на песните, тие многу умешно ја контролираа енергијата и го задржаа вниманието.
По кратка пауза, дојде време за настапот на XZIBIT кој со самата своја појава како вистински OG донесе друга енергија во полната денсинг-сала во МКЦ. Публиката постојано ги следеше неговите наредби, а тој настапуваше хит по хит.

На бината следен беше ESKEI83, кој започна енергично со цел да задржи што поголем дел од веќе истрошената публика. Тој ги претстави своите скреч рутини, live ремикси и авторски траки, а во публиката можеше да се забележат луѓе специјално дојдени да го доживеат тоа што го гледале на Јутјуб од него. Irie Scratch, ја затвори вечерта со модерен хипхоп и малку afrobeat за крај.

Во поглед на „МКЦ ШИЗИ 3", се надеваме дека во 2020-та ќе успееме уште повеќе да го крeнеме нивото, ќе донесеме уште поголеми имиња од старата и новата хипхоп школа и ќе приредиме спектакл за сите генерации на хипхоп фанови во Македонија, но и пошироко, истакнаа организаторите.  Се разбира целиот настан доби сосема друга димензија со вкусот на Златен даб.

# Силна фестивалска програма на 38миот Скопски џез фестивал

Традиционално како и секоја година Прилепска пиварница преку својот Златен даб го поддржа и овогодинешниот Џез фестивал. Кои се покажа дека совршено се разбираат за да им пружат на џез фановите особено задоволство да уживаат во врвна џез музика.

Скопскиот џез фестивал годинава, имаше исклучително силна програма и специјален фокус затоа што ECM Records, ја одбележа 50-годишнината од постоењето на култната германска издавачка куќа. Неодоливите мириси на Ориентот и Медитеранот проструија низ музиката на Ануар Браем – волшебникот на инструментот ут, како и низ звуците на грчкиот мајстор на лирата Сократис Синопулос кој настапи со својот уникатен квартет во чии дела се испреплетуваат фолклорните форми, византиската и класичната музика, како и бројните облици на импровизација и џез.

50-годишнината на ECM годинава се совпаѓа и со 50-годишнината на еден од најзначајните, највлијателните и најреволуционерните бендови на 20-от век – Art Ensemble of Chicago, кои, предводени од основачите Roscoe Mitchell и Don Moye, го одбележаа овој јубилеј. Настапи и норвешкиот пијанист, клавијатурист, композитор, аранжер и перкусионист Јон Балке.

И последниот фестивалски датум беше резервиран за настапот на најпоетичниот пијанист на денешницата, норвешката џез-сензација Торд Густавсен со неговото трио, како и за концертот на квинтетот на новата голема американска саксофонистичка ѕвезда Џејмс Брендон Луис и контрабас рециталот на француската басистка, импровизаторка и композиторка, една од најдоминантните фигури на современата европска музика Жоел Леандре.

Програмата на фестивалот годинава опфати и диџеј сет на италијанскиот иновативен џез ентузијаст Никола Конте, концерти на домашните ECM вљубеници Next To Silence и еклектичниот „магичен оркестар" на Џијан Емин, филмска проекција на документарниот филм посветен на ECM "Sounds and Silence: Travels with Manfred Eicher", промоција и презентација на книгата "Cloud Arrangers" на словенечкиот фотограф Жига Коритник, како и доделување на наградата „Златен Орикс" за најдобар млад џез-музичар во 2019 година.

Севкупно добивме прекрасен повод за уште едно дружење со Златен даб.






# Наградна игра на ГАЗОЗА





Нашата Газоза која ја споделуваме со нашите најблиски и со вистинските другари и пријатели овој пат нè изненади со наградна игра. Наградната игра започна на 15.08.2019 година, а истата траеше до 30.09.2019 година. Љубителите на Газоза вкусот можеа да учествуваат во оваа наградна игра со Газоза 0,5, 1.5 или 1,5л.

Самиот механизам се одвиваше преку праќање на смс кодови или преку праќање на кодови на Вибер.

Наградниот фонд го сочинуваа iPhone телефони, електрични тротинети, додека главната награда беше 365.000 денари.

# Маалска Доза со Газоза Трочак



Во текот на јули беа организирани неколку дегустации на Газоза низ повеќе маала во Скопје, Прилеп, Гостивар, Битола и Куманово. Овие активности без спроведени така што Газоза трочакот ги посетуваше маалата каде што обично комшиите, другарите, локалните жители го поминуваат своето попладне, се релаксираат и меѓусебно се дружат. Грч студена Газоза од 0,5л добиваше секој што имаше желба да се разлади, освежи и зближи.

Газоза Трочакот беше навистина голема атракција, а харизматичниот возач веднаш ја прифати својата улога и многу природно успеваше и да вози и да дели Газоза од кутијата полна мраз. Беше многу добро прифатен од жителите кои беа неизмерно среќни дека Газоза дошла баш во нивното маало.

















# ОДБЕРИ ГО ТВОЈОТ ВКУС

*Оваа година, за прв пат во нашата земја се организираше PEPSI TASTE CHALLENGE.*

Pepsi Taste Challenge е една од најдолготрајните кампањи во светот. Започнува во 1975 година и претставува промоција преку тест на слепо, во која обичните луѓе ќе го одберат вкусот кој го преферираат пробувајќи од две чаши, едната наполнета со Пепси, а другата со најголемиот конкурентен кола пијалак. По вкусувањето на двата пијалаци, испитаниците одлучуваат кој вкус повеќе им се допаѓа!

Интересно, Македонија е една од земјите во кои брендот Пепси е најдобар од аспект на производството. Можеби звучи неверојатно, но во градот под Марковите Кули се наоѓа еден од најнаградуваните регионални франшизни партнери на ПепсиКо.

Тоа е сопственикот на лиценцата за полнење на Пепси во Македонија, Прилепска пиварница, која во последните 8 години има добиено 7 од највисоките признанија во групацијата, меѓу кои и Chairman's Circle of Champions за врвни перформанси во работењето. Награда која е толку ретка, што Прилепска пиварница беше единствената фабрика во Европа која ја доби таа година и дел од само 0.25% од Пепси производителите во целиот свет.





58,8%
ГО ОДБРАА
PEPSI ВКУСОТ



## PEPSICO признанија за Прилепска Пиварница



Bronze Quality Excellence Award – 2003
Silver Quality Excellence Award – 2011
Silver Quality Excellence Award – 2012
Bronze Quality Excellence Award – 2013
Chairman's Circle of Champions – 2014
Franchise Business Sustainable Award – 2015
Gold Quality Excellence Award – 2017
Silver Quality Excellence Award – 2018

На своите социјални мрежи, Pepsi им честиташе на сите за прифаќањето на предизвикот и им се заблагодари за тоа што го одбраа Pepsi вкусот.

Сите сме си го поставиле многу пати прашањето: кој кола пијалак има најдобар вкус? А сега, секој може да биде чекор поблиску до својот личен одговор.

# ПЕПСИ
## предизвик на вкусови

www.ekipa.mk
www.fakulteti.mk

Повеќе од 10.000 учесници го дадоа својот одговор во „Пепси Предизвикот на вкусовите"

Ова лето беше одбележано од Pepsi Taste Challenge-от, каде учесниците во предизвикот одбираа кој вкус повеќе им се допаѓа – вкусот на Pepsi или вкусот на најпродаваниот кола пијалак. Повеќе од 10.000 учесници го дадоа својот глас, а сега тука се и резултатите!

По два месеци и 24 настани во дури 8 града: Скопје, Струмица, Битола, Охрид, Струга, Гостивар, Прилеп и Куманово, резултатите од големиот „предизвик на вкусовите" велат дека 58,8% од учесниците го одбраа Pepsi вкусот!





# Предаденоста кон работата на дело

Една компанија не ја чини голема или мала, силна или слаба само бројноста на нејзините вработени и менаџментот по позиции. Туку ја сочинуваат токму срцата и посветеноста на сите нејзини вработени формирани по тимови и со соодветни позиции, лица кои се предадени кон она што го работат и тоа со целосна посветеност, силна волја и со полна снага да остварат сè што се замислило, додавајќи екстра вредност.

Дел од семејството на Прилепска пиварница е секторот продажба. Дека нашите продажни тимови никогаш не спијат, туку под нивното будно око се раѓа и спроведува нивната креативност и иновативност, со кои секоја од кампањите може да се разработи и покаже во најдобро светло, покажуваат и овие маркет изложувања.






















# Aqua viva sport

## одлична за било кој спортист




Без разлика за кој вид на спорт станува збор, водата е неминовна потреба на секој еден спортист. Токму тие заедно со поширок опсег на консументи со голема добродошлица ги прифатија новите вкусови Aqua viva sport. Во периодот од јули до август беа направени промо активности, со реализирани спонзорства на 5 настани:

- МЗТ кошаркарски клуб – млади категории,
- Велосипедска трка ВО Тресонче и Велосипедски клуб Енерџи,
- Охридски пливачки маратон
- Strumica Open festival- спортски активности
- Aqua viva sport free sampling промоции во Скопје.

Беа поделени голем број на шишиња Aqua viva sport,и беа остварени над 8.500 контакти.



















# ОКТОБЕРФЕСТ
## СКОПЈЕ

Германската амбасадорка во Македонија Кристине Алтхаусер и директорот на Германската стопанска комора во РМ Мартин Кнап на 26.09.2019 го отворија 9. традиционален „Октоберфест" на Македонско-германското стопанско здружение во Скопје.
И оваа година како и секоја измината, овој настан го поддржува Прилепска пиварница со прекрасниот вкус на Златен даб.

Според информации од претставништвото на Германското стопанство во Македонија, околу 1.300 гости уживаа под огромните шатори во сино-белите бои на Октоберфест и Баварија, дегустирајќи бели и црвени колбаси, печено пиле, свинска коленица, припремени на традиционалниот баварски начин. Наздравуваа со Златен Даб, Скопско и други видови на пива.

Манифестацијата ја отворија амбасадорката Алтхаусер и директорот Кнап на традиционалниот начин на кој се отвора и Октоберфест во Минхен - со дрвен чекан го скршија чепот на првото буре со пиво и со изреката "O'zapft is" (тапата е отворена).

# ВИНО ФЕСТ 2019

Квалитетни вина, гурманско бистро и разновидна музичка програма за сечиј вкус! Годинашниот ВИНО ФЕСТ се одржа на паркингот во Веро Центар во периодот од 19 до 21 септември. Прилепска пиварница зазеде учество со Аква вива спортските води.

Овој настан имаше повеќе од 10.000 посетители.

И слободно може да кажеме дека во просек секој 9ти посетител купил Aqua Viva или Књаз Милош вода, секој 76ти посетител купил Guarana и секој 47ми посетител купил TUBE сокови.













- „Октоберфест" кој традиционално во Скопје го организираат Македонско-германското стопанско здружение и Германската стопанска комора во Македонија, на несекојдневен начин им овозможи на преку 250 компании и на нивните вработени, клиенти и деловни партнери, но и на голем број значајни личности од стопанството и дипломатскиот кор во Македонија да уживаат во автентична Октоберфест-забава, изјави Мартин Кнап, директор на Германската стопанска комора во РМ.

Според амбасадорката Алтхаусер, организацијата на „Октоберфест" во Скопје прерасна во традиција.
– Овој настан е од големо значење за градот Скопје, тој е важен за соработката како на економски, така и на културен план помеѓу нашите две земји, рече Алтхаусер.

www.kanal5.com.mk

# ФОН И ‘ФАБРИКА НА ЗНАЕЊЕ’

Годинешното издание на наставно-научниот, апликативен и уметнички проект „Фабрика на знаење“ во организација на ФОН претстави десет нови презентации на тимовите со средношколци и студенти. За да се овозможи реализацијата на овие проекти годинава подадоа рака пет особено успешни работодавци од бизнис секторот и институциите, за кои важи докажаниот факт, дека е особена привилегија да се биде вработен во нив. Пред стручните тимови на: Националната Филхармонија, Македонски Телеком, Прилепска пиварница, ЕСМ и Компанијата ФИНЕ, која го гради ексклузивниот стамбено деловен комплекс крај кејот на реката Вардар, познатиот „Космос“, тимовите покажаа знаење, мудрост и тактичност.

На оваа финална вечер беа присутни нашиот бренд менаџер за сокови Верица Јованоска и директорот на продажба Сашко Блажевски.




*Прогласување на победничкиот тим на Прилепска пиварница*

Како Прилепска пиварница, по дадените задачи на двата тима, ги водевме низ задачите, давајќи им наша помош и поддршка во потребните информации за осознавање на нашата компанија и создавање на добар проект.

‘Благодарност до сите учесници, помагатели, пријатели, деловни соработници и до сите Вас кои го проследивте мегданот на кој се дополнуваат теоријата и праксата’- со голема благодарност кон компаниите излегоа претставниците на ФОН.

Facebook portal/FON






# ПРИЛЕПСКА ПИВАРНИЦА И МЕЃУНАРОДИНОТ ТУРНИР ВО ЏУДО

По повод Денот на народното востание 11.Октомври, денеска во спортската сала на СОУ „Ристе Ристески-Ричко“ во Прилеп, во организација на Џудо клубот „СЕИШИН“ се одржа 11.Меѓународен турнир во џудо за помлади пионери, пионери и кадети, „Прилеп Град Херој 2019“.

Прилепска пиварница го поддржа овој настан, како што секој пат тоа успешно го прави кога знае дека има доста труд и напори вложени во некој настан.

Дека овој настан беше вреден да се види и посети зборуваат повеќе од 320 учесници од 35 клубови од Србија, Бугарија, Грција, Албанија, Црна Гора, Косово и Македонија беа дел од овој репрезентативен спортски настан, на кој присуствуваа и неколку прославени светски имиња од џудо спортот: Проф.д-р Славко Обадов, Павле Буљчиќ и Чихи Јанош.

Податокот што првите луѓе на Џудо федерацијата на Република Северна Македонија се прилепчани, зборува сам за себе дека Прилеп е град на џудото, град на спортот, рече Миле Талевски, советник на општина Прилеп.

Повеќе пати имав можност да престојувам во Македонија, како натпреварувач или на семинари, но ова сега е посебно задоволство да можам да го набљудувам сето ваше знаење кое сте го стекнале од вашите тренери. Ви посакувам успешно натпреварување, најдобрите нека победат, а овој спортски настан да прерасне во уште поголема, помасовна и поубава манифестација“, им порача на натпреварувачите Проф.д-р Славко Обадов, мајстор на џудо 9 дан, освојувач на бројни медали од Олимписки, Светски, Европски, Балкански и Државни првенства.

„Сакам да ги поздравам ценетите гости и од името на холандско-македонската комора посакувам фер борби без повреди, како и големи успеси на џудо клубот ‘СЕИШИН’ и џудото воопшто“, изјави претставникот на холандско-македонската комора, Боб Смит.

www.prilep.gov.mk


58,8%
ГО ОДБРАА
PEPSI ВКУСОТ *
*ВО ОДНОС НА НАЈПРОДАВАНИОТ КОНКУРЕНТ
pepsi
** Податоците се базирани на резултатите од индивидуалниот избор на над 10.000 учесници на Pepsi настаните "Одбери го твојот вкус", организирани од 04.07 - 08.09.2019 согласно официјалните правила на активацијата.
#FORTHELOVEOFIT